**Правото на учество не треба да е привилегија:**
Потребата од фер изборни услови на независните кандидати за Локалните избори 2025

Претходните локални избори во 2021 година забележавме рекорден број на независни кандидатури и освоени советнички места во општинските совети. Со добиени 65.908 гласови и освоени 67 мандати, независните листи беа петтата политичка сила на изборите. Но, контроверзните измени на Изборниот законик, донесени по распишувањето на изборите во 2024 година воведоа нова пречка за независните кандидати на локалните избори - фиксен праг од 1% потписи од сите регистрирани избирачи во општината, што значително го зголеми условот за независно кандидирање во многу општини и Градот Скопје.

Уставниот суд во мај ги поништи членовите 61 и 62 од Изборниот законик и побара итна интервенција од Собранието за пополнување на правната празнина. Локалните избори се планираат за октомври, но прашањето за независните кандидати останува нерешено. Предлог-измените на Изборниот законик, кои веќе се во собраниска процедура, во делот што се однесува на учеството на независни кандидати и листи на гласачкото ливче, се спротивни на препораките на ОДИХР, Венецијанската комисија и се во директна колизија со одлуката на Уставниот суд.

Согласно предложените измени, независните листи на локалните избори треба да соберат најмалку 100 потписи во општини со до 10.000 жители. За секои дополнителни 10.000 жители се бараат уште по 100 потписи. Ова значи дека бројот на потребни потписи варира и во многу случаи ќе биде повисок од претходниот праг од 1%, особено во помалите општини.[1] Ова е спротивно и од Кодексот на добри практики на Венецијанската комисија кој вели дека „законот не треба да бара собирање на потписи повеќе од 1% од регистрираните гласачи во засегнатата единица“.

И покрај ова, возможно е сценарио Изборниот законик воопшто да не биде донесен на време, со што учеството на независните кандидати за градоначалници и советници би било под знак прашалник до последен момент. Поради тоа, дел од граѓанските организации побараа автентично толкување на законот во однос на учеството на независните кандидати. Автентичното толкување на закони е исклучива надлежност на Собранието, затоа останува

[1] На пример, во Општина Лозово, со 1.905 регистрирани гласачи, се бараат 100 потписи, што претставува 5,2% од вкупниот број гласачи. Во Општина Берово, која спаѓа во втората категорија општини (10.001–20.000 избирачи) и има 10.375 регистрирани гласачи, се потребни 200 потписи, односно 1,9%. Како бројот на жители во општината се зголемува, така прагот за потписи се намалува, поради што во поголемите општини процентот е значително помал (Општина Куманово - 1%, а во Град Скопје – 0.75% од гласачите). Имајќи предвид дека голем број регистрирани гласачи всушност не живеат во земјата, овие прагови се уште потешко достижни за независните кандидати.

нејасно зошто Собранието не постапува по иницијативата, туку чека мислење од Владата - која, патем, досега целосно ја игнорира оваа иницијатива.

Изминатите години покажаа дека независните советници можат да бидат клучни за локалната демократија и доброто управување со општините, бидејќи носат автономна и граѓански ориентирана перспектива на работата во општинските совети. Доколку навистина сакаме функционална локална демократија и зголемена доверба на граѓаните во општините, потребно е да се овозможи нивно непречено и рамноправно учество на претстојните локални избори.

Независните кандидати на локалните избори се во структурно понеповолна положба споредено со политичките партии, главно поради отсуството на институционални бенефиции, како што се годишното државно финансирање и маргиналните средства за изборно рекламирање. И покрај тоа, тие се соочуваат со високи квалификациски прагови. Нееднаквите права и ограничениот пристап до ресурси го доведуваат во прашање оправдувањето на строгите правила за влез, кои треба да се намалат на симболично ниво за да се овозможи лесен пристап и фер натпревар на изборите.

Со цел да се обезбедат фер, демократски и инклузивни избори на градоначалници и општински советници, а и да се унапреди демократскиот плурализам во државата, од исклучителна важност е Собранието да вложи силни напори и навремено да ги регулира изборните правила:

- **Да свика јавна расправа –** матичните собраниски комисии веднаш да свикаат јавна расправа на која ќе учествуваат претставниците на институциите што ги спроведуваат и надгледуваат изборите, граѓанските организации и експерти од областа на изборните процеси, каде ќе се изнајде најоптималното решение за надминување на пречките.
- **Да изврши автентично толкување на тековниот закон –** Собранието е единствениот орган кој носи закони и кој може да врши автентично толкување на членови од закони. Важно е Собранието, без чекање на мислењето на Влада, итно да ја стави на дневен ред иницијативата за автентично толкување на законот во однос на тоа дали е овозможено учеството на независните кандидати на претстојните локални избори, без собирање на потребните потписи.
- **Да се намали предвидениот праг –** согласно препораките на ОДИХР, Венецијанската комисија, Уставниот суд и барањата на самите независни советници – потребно е да се намали потребниот број потписи за независна кандидатура, со што ќе се олесни пристапот на независните кандидати до фер и демократски натпревар со политичките партии.
- **Годишно финансирање на независните –** тековниот систем целосно ги исклучува независните листи и кандидати од државното финансирање, и покрај нивните изборни успеси и препознатливост кај граѓаните. Со оглед на тоа што политичките партии продолжуваат да добиваат средства од државниот буџет за своето работење, неопходна е ревизија на правилата со цел да им се овозможи на независните листи

пристап до дел од финансирањето.

- **Изборно финансирање на независните -** да се преиспита практиката за државно финансирање на изборното рекламирање. Доколку се задржи, треба да се ревидира и зголеми процентот од средствата што им се доделуваат на независните кандидати, бидејќи вака поставениот систем ги фаворизира партиите, а целосно ги маргинализира независните, не оставајќи простор за фер претставување пред граѓаните.
- **Законско решение за можноста за самостојна кандидатура за советник** – двата последни извештаи на ОДИХР укажуваат на потребата од воведување законска норма која ќе овозможи независните кандидати за советници да учествуваат на изборите индивидуално– без кандидатска листа, што досега не е дозволено и е во спротивност со Став 7.5 од Копенхашкиот документ на ОБСЕ од 1990 година.
- **Ажурирање на регистарот на гласачи помеѓу двата изборни круга** – ова е препорака што традиционално се среќава во извештаите на ОДИХР – да се овозможи ажурирање на регистарот на гласачи меѓу двата изборни круга, за да не се одземе правото на глас на граѓаните кои во тој период полнат 18 години.
- **Сеопфатна ревизија на изборното законодавство по завршување на локалните избори –** сите релевантни препораки за изборни реформи укажуваат на потребата од инклузивен, транспарентен и навремен процес на уредување на изборните правила. Затоа, веднаш по завршување на локалните избори, Собранието треба да започне постапка за измена на постоечките изборни правила, со цел да се прекине праксата измените на Изборниот законик да се носат непосредно пред изборите.

Во моменти кога наближуваат локалните избори, пратениците, без разлика на политичката припадност, имаат обврска – и правна и морална – да постапат согласно своите овластувања и да осигураат транспарентен, инклузивен, фер и демократски изборен процес. Затоа, потребата од квалитетно и правично изборно законодавство не смее да се третира како техничко прашање – тоа е суштинско прашање на еднаква застапеност и функционална демократија.

Овој документ за јавни политики е дел од проектот „Поттикнување дебата за отчетност и антикорупција“ чија цел е да придонесе кон реформски процеси во Северна Македонија преку зајакнување на улогата на Собранието во борбата против корупцијата и креирањето реформи во владеење на правото, овозможувајќи дијалог меѓу партиите и подмладоците, како и меѓу пратениците и граѓанското општество. Проектот е поддржан од Националниот фонд за демократија.